ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Јавно претпријатие „Водовод“ Куманово

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2020 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- не се регулирани меѓусебните права и обврски помеѓу давателот Водостопанство Кумановско Липковско поле и корисникот на услугите ЈП „Водовод” Куманово;
- обврските спрема Буџетот на РСМ по основ на надомест за користење на води и испуштање на води не се платени во износ од 28.713 илјади денари;
- водоснабдителниот систем регистрира висок процент од 55% загуба на вода.

**Издадено мислење*:**
Изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни системски слабости:**

/

**Клучни препораки:**
- претпријатието со давателот на услугата да склучат договор за уредување на меѓусебните права и обврски;
- навремено подмирување на обврските по основ на надомест за користење и испуштање на вода;
- отстранување на причините кои придонесуваат за загуба на водата во водоснабдителниот систем.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Од страна на овластеното лице на ЈП „Водовод“ Куманово добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр. 17-181/11 од 05.10.2021 година.

**Одговор на добиени забелешки:**
Забелешките се разгледани и не се прифатени, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на констатациите во извештајот.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk
INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018